Хроника

# Двајца Индијци и двајца Пакистанци со пиштол и ножеви ограбувале мигранти кај Табановце

June 7, 2021 10:37 0 621

0



Поради основано сомнение дека четири лица сториле по едно кривично дело Разбојништво од член 237 став 4 во врска со став 1, а еден од нив и кривично дело Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи од член 396 став 1 од Кривичниот законик, Основното јавно обвинителство Куманово за нив донесе Наредба за спроведување истражна постапка. Јавниот обвинител за осомничените, од кои двајца се државјани на Република Индија, останатите на Исламска Република Пакистан, поднесе Предлог за определување на мерката притвор до надлежниот суд.

На 4 јуни 2021 година, околу 21,00 часот во близина на Транзитниот центар Табановце, во состав на група од околу дваесет лица со употреба на сила, опасно орудие и огнено оружје, осомничените од други лица одзеле туѓи подвижни предмети со намера противправно да ги присвојат. Имено, додека три лица – оштетени се движеле пеш во близина на транзитниот центар Табановце со намера да ја преминат границата кон Република Србија, биле нападнати од група од околу дваесет лица, меѓу кои биле и осомничените.

Притоа еден од осомничените во рацете држел пиштол марка „Зораки-М 906-Т“, додека останатите во рацете држеле стапови и палки, а на појасите имале и ножеви. Кога ги запреле оштетените, еден од осомничените започнал да им издава наредби на останатите, велејќи им „удри“, „земи им ги парите и телефоните“, „пукај“, при што осомничените лица започнале со напад и при тоа им задале повеќе удари со стапови и палки на оштетените во предел на главите и телата, а биле испукани и два истрели во земја. При нападот од оштетените биле одземени по 50 евра или 200 евра, како и мобилните телефони, при што им биле нанесени и повеќе лесни и тешки телесни повреди.

‹ ПРЕТХОДНО
Викендов на Водно паркингот го користеле 334 возила

СЛЕДНО ›
Парични казни заради непочитување на здравствените прописи

КОРОНАВИРУС MK
koronavirus.gov.mk
СИТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА КОВИД-19 НА ЕДНО МЕСТО

## Популарни вести

- Меги Мерилин предлага прекрасни летни креации со балон-ракави — June 2, 2021 13:37
- Јаневска: Реформата на Царовска има цел да променат учебниците како што ќе побара Бугарија и да се потрошат 21,5 милиони... — June 2, 2021 13:38
- Карпош го поддржа првиот инклузивен буквар — June 2, 2021 11:40
- СЗО ја одобри вакцината на „Синовак“ за итна употреба — June 1, 2021 18:51
- Мерко: Ако ги урнам платформите во Радожда, како да сум го урнал цело село — June 6, 2021 18:11

## Тукушто објавено

- Царовска: Тоа што сме научени дека учебникот е единствен извор на знаење е голем проблем за образовниот систем — June 7, 2021 20:15
- Пронајден кокаин, приведен дилер од Битола — June 7, 2021 20:05
- Бајден го покани Зеленски во Белата куќа — June 7, 2021 20:01
- Пристигнаа дополнителни 12.870 дози вакцини „Фајзер“ — June 7, 2021 20:00
- СЕХА: Вардар 1961 со победа ја почна нокаут фазата — June 7, 2021 19:49
- Јаневска до Царовска: Катастрофа се случи кога повлековте учебник поради политичко барање на одредена група — June 7, 2021 19:48
- Ахмети: Не се повлекувам од ДУИ останувам до нареден конгрес — June 7, 2021 19:09
- Николовски: Владата, од категорија на ‘просечна транспарентност’ со 25% во 2016 година, годинава е во категорија на ‘многу добра транспарентност’ со 93.5%“ — June 7, 2021 19:04
- ЕУРО2020 се игра во 11 европски градови, македонските фудбалери во Букурешт и Амстердам — June 7, 2021 18:48
- Комбинацијата на различни видови вакцини го зголемува имунитетот, тврди германска студија — June 7, 2021 18:41

## Социјални мрежи

## ОД НАС ЗА ВАС!

- Николоски: Заев лажеше дека не знаел оти врвот на СДСМ имал средба со Боки, а после кажа дека бизнисмените не... — June 2, 2021 16:02 222
- Инвестиција на „Лидл“ од 300 милиони евра, македонската економија е динамична и развојна — June 2, 2021 13:38 76
- Макрон се закани дека ќе ги повлече француските војници од Мали — June 1, 2021 07:43 211

## ТУКУШТО ОБЈАВЕНО!

- Царовска: Тоа што сме научени дека учебникот е единствен извор на знаење е голем проблем за образовниот систем — June 7, 2021 20:15 0
- Пронајден кокаин, приведен дилер од Битола — June 7, 2021 20:05 0
- Бајден го покани Зеленски во Белата куќа — June 7, 2021 20:01 0

## ПОВРЗИ СЕ СО 24ИНФО

24 инфо

Согласни со iab. Етички кодекс

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.